**ПРАВИЛНИК**

**за доделување на парична помош за рехабилитациски третмани на деца со попреченост**

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

## Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите, постапката и начинот за доделување на парична помош за рехабилитациски третмани на деца со попреченост на возраст од 3 до 7 години.

## Член 2

Целта на оваа мерка е обезбедување финансиска поддршка за рехабилитациски, дефектолошки, логопедски, сензорни, психолошки и други стручни третмани за деца со попреченост, со цел унапредување на нивниот психофизички развој и социјална инклузија. При спроведување на мерката, Општината ќе ги земе предвид:

- реалната достапност на услуги
- потребата од третмани во други градови
- финансискиот товар врз семејствата
- и принципите на флексибилност, инклузивност и еднаков пристап

## Член 3

Паричната помош се обезбедува за вкупно 100 деца со попреченост, согласно средствата предвидени во Буџетот на Општината.

# II. КОРИСНИЦИ НА ПРАВОТО

## Член 4

Право на користење на парична помош има дете со попреченост кое ги исполнува следните услови:

1. Да е на возраст од 3 до 7 години
2. Да има извршена МКФ проценка (Меѓународна класификација на функционирање)

3. Да има живеалиште на подрачјето на Општина Битола
4. Родителите или старателите на детето да немаат вкупни месечни примања повисоки од 70.000 денари.
5. Детето да користи или да има потреба од рехабилитациски третмани препорачани од стручно лице.

**Член 5**

Под месечни примања од член 4 став 1 точка 4 се подразбираат:

- плати
- пензии
- приходи од самостојна дејност
- приходи по други основи со исклучок на парични надоместоци од социјална заштита.

**Член 6**

Под стручно лице од член 4 став 1 точка 5 во смисла на овој Правилник се подразбира:

- логопед
- дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор
- психолог
- физиотерапевт
- окупационен терапевт
- лекар специјалист (невролог, детски психијатар, физијатар…)
- или друго стручно лице со соодветна лиценца или овластување согласно закон.

## III. ВИСИНА И НАЧИН НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОМОШТА

**Член 7**

Паричната помош се доделува како еднократна финансиска поддршка во износ од 15.000 денари по дете за рехабилитациски третмани.

**Член 8**

Исплатата се врши еднократно по прифатено и одобрено барање на трансакциска сметка на родителот/старателот на детето со попреченост.

**Член 9**

Средствата може да се користат исклучиво за:

- логопедски третмани
- дефектолошки третмани
- сензорна интеграција
- психолошка поддршка
- физиотерапија
- окупациона терапија
- АВА третмани
- други рехабилитациски услуги/третмани препорачани од стручно лице.

Средствата може да се користат за третмани реализирани:

- во јавни и приватни здравствени, образовни и социјални установи
- во лиценцирани центри за рехабилитација
- кај овластени стручни лица
- на територија на Општина Битола или надвор од општината, доколку услугата не е достапна во Битола.

## IV. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 10**

Барателот на паричната помош поднесува:

1. Барање за доделување парична помош
2. Копија од извод од матична книга на родени за детето
3. Потврда за живеалиште
4. МКФ проценка
5. Потврда или препорака од стручно лице за потреба од третмани

6. Доказ за вкупни месечни примања на родителите/старателите
7. Изјава за точност на доставените податоци
8. Изјава за заштита на лични податоци
9. Трансакциска сметка.

## V. ПОСТАПКА

### Член 11

Општината објавува јавен повик за доделување на парична помош за рехабилитациски третмани во траење од 15 работни дена од денот на објавувањето на јавниот повик.

### Член 12

Постапката за разгледување на барањата ја спроведува Комисија формирана од градоначалникот.

### Член 13

Комисијата врши проверка на доставената документација и изготвува ранг листа на корисници согласно исполнетите услови. Некомплетната поднесена документација нема да биде предмет на разгледување.

### Член 14

Комисијата врши рангирање согласно бодовен систем утврден во јавниот повик, при што особено се вреднуваат:

- висината на приходите
- бројот на деца во семејството
- самохран родител
- степенот на функционални ограничувања
- користење третмани надвор од местото на живеење
- семејства со повеќе деца со попреченост.
- и други социјални и здравствени околности

**Член 15**

Доколку бројот на апликации е поголем од предвидените 100 корисници, предност ќе имаат:

- деца од еднородителски семејства
- деца од семејства со пониски примања
- деца со потешки функционални ограничувања согласно МКФ проценката;
- семејства со повеќе деца со попреченост.

**Член 16**

Комисијата е должна да донесе одлука во рок од 15 работни дена од денот на затворање на јавниот повик. Против одлуката, барателот има право на приговор во рок од 8 дена до градоначалникот на Општина Битола

**Член 17**

Личните и здравствените податоци доставени во постапката се обработуваат и чуваат согласно прописите за заштита на личните податоци согласно закон и се користат исклучиво за потребите на постапката за доделување на паричната помош

**Член 18**

Општината на својата веб страна објавува:

- листа на одобрени и одбиени барања при што личните податоци на децата и семејствата се заштитуваат согласно закон
- вкупна сума на доделени средства

## VI. ОБВРСКИ НА КОРИСНИЦИТЕ

**Член 19**

Корисниците на паричната помош се должни средствата да ги користат исклучиво за намената утврдена со овој Правилник.

**Член 20**

По искористување на паричните средства за рехабилитациски третмани во рок од 15 дена корисниците на мерката се должни да доставaт до Општина Битола документација или доказ за реализирани рехабилитациски третмани:

- фискална/и сметка/и или фактура/и
- потврда за извршен/и третман/и
- извештај од стручно лице за реализирани рехабилитациони третмани
- договор или друг соодветен документ од кој јасно ќе се констатира дека средствата се искористени за рехабилитациски третмани.

**Член 21**

Општината има право од корисниците на мерката да побара дополнителна документација или доказ за реализирани рехабилитациски третмани.

**Член 22**

Доколку се утврди дека корисникот доставил неточни податоци или средствата се искористени несоодветно, правото на користење на помошта престанува, а исплатените средства се враќаат од страна на корисникот на мерката.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото усвојување од страна на Советот на Општина Битола.

**Член 24**

За сите прашања што не се уредени со овој Правилник, ќе се применуваат важечките законски прописи од областа на социјалната заштита и локалната самоуправа во РС Македонија.